# ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА



# ШТО Е ДИСКРИМИНАЦИЈА ?

Дискриминација е неоправдано нееднакво постапување со лица или групи по основ на:

- пол,
- раса, боја на кожа,
- род,
- припадност на маргинализирана група,
- етничка припадност, јазик,
- државјанство,
- социјално потекло,
- религија или верско уверување,
- образование,
- политичка припадност,
- личен или општествен статус,
- ментална  и телесна попреченост,
- возраст,
- семејна или брачна состојба,



имотен статус,

здравствена состојба,

или било која друга основа.

# Видови дискриминација

## – според степенот на дискриминирање

- ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

  - Отворено дискриминаторско однесување и постапување

- ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

  - Однесување или постапување кое на прв поглед не изгледа дека е дискриминација, но сепак е тоа.

- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

  - појава на непожелно однесување врз основа на расно или етничко потекло на едно лице со цел да се наруши неговото достоинство или да создаде заплашувачко непријателско, деградирачко понижувачко или навредливо опкружување.

  – Навредувањето без умисла не сесмета за оправдано.

# ИСКЛУЧОЦИ од правилото

1) со цел заштита на здравјето на луѓето, општата безбедност и спречување на извршување на кривични дела;

2) различниот третман на странците согласно закон

3) во однос на одредено работно место кога природата на таа работа или условите во кои се извршува се поврзани со некоја од дискриминаторските основи, односно, претставува суштински и одлучувачки услов за извршување на работните задачи;

4) посебна зашита на : бремени жени и мајки,
деца без родители,
деца под старателство,
малолетници ,
самохрани родители,
лица со посебни потреби
стари лица;

# ИСКЛУЧОЦИ од правилото

5) преземање на мерките

- предвидени со закон за поттикнување на вработувањето;
- во областа на образованието и обуката за воспоставување на еднакви можности за вработување на мажите и жените;

6) преземање на афирмативни мерки со цел: заштита на маргинализираните групи, елиминирање или редуцирање на фактичките нееднаквости

7) барањето на определена старост, професионално искуство или стаж во работните односи, обуката и образованието, кога истите претставуваат суштински и одлучувачки услов за извршување на работата и напредување во кариерата.

# ЗАБРАНА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

- Недозволена е дискриминација при огласување на потреба од работник;
- Еднаков третман на кандидатите за вработување
- Ако сте повикано на интервју– не мора да одговорите на секое прашање



# РОДОВА ЕДНАКВОСТ– забрана на дискриминација на жените

**>СЛОВОТО НА ЗАКОНОТ<**

- Декларација за еднаквост меѓу мажите и жените (пред 20 години)
- Закон за еднакви можности меѓу мажите и жените (од 2006, но има и нов
  донесен на 13. јануари 2012 година.
- Дирекива на ЕУ за еднаква плата
- Конвенција на МОТ бр.100 за еднакви примања
- Закон за работни односи
  Членови од 6-11 забрануваат секаков вид дискриминација.
  Член 108: Работодавачот е должен за ЕДНАКВА РАБОТА со еднакви барања на работното место да исплаќа ЕДНАКВА ПЛАТА работниците без оглед на полот.
- Закон за заштита и спречување на дискриминација



УСТАВОТ НА РМ како прво основно право на секој граѓа гарантира еднакви права и слободи и еднакво важење **на законите за сите граѓани.**

# Сексуално вознемирување – карактеристичен вид дискриминација по основ на полот

- Сексуално вознемирување е несакано однесување од полов карактер,
- кое се изразува физички, вербално или на било кој друг начин,
- цел или последица: повреда на достоинството на едно лице,
- се создава непријателска заканувачка, деградирачка или понижувачка средина.



# ЗАБРАНА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

- Дискриминација на лица со ментална и телесна се врши со намерно:

  - оневозможување или отежнат пристап или ускратување на правата на здравствена заштита,

  - ускратување на правото на брак и создавање на семејство

  - ускратување на правото на образование, на работа и правата од работниот однос.

  - нема да се преземат мерки прилагодување на инфраструктурата и просторот, користење на јавнодостапни ресурси,или учество во јавниот и општествениот живот.

# ЗАБРАНА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА по основ на расна, верска или етничка припадност

- РАСНА дискриминација- врз основ на бојата на кожата
- ВЕРСКА – врз основа религиозна припадност
- ЕТНИЧКА дискриминација на одредена етничка група:
- Карактеристики на етничка група:
  - долга заедничка историја за којашто групата е свесна и негува спомен, историја којашто ја издвојува од другите групи;
  - сопствена културна традиција, вклучувајќи семејни и општествени обичаи и однесување;
  - заедничко географско потекло или потекло од мал број на заедничкипредци;
  - заеднички јазик, којшто не мора да е својствен за групата;
  - заедничка литература;
  - заедничка религија која се разликува од онаа на соседните групи;
  - припадност кон малцинство, угнетувана или доминантна група во рамките на поголема заедница.

# ПАРТИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА
# – по основ на политичкото убедување

- Според истражувањето на МЦМС партиската дискриминација е најчест облик на дискриминација во земјава со 78 проценти застапеност.
- овој процент е најголем во однос на сите други дискриминации (полова, етничка итн.), при што
- кај нас демократијата е ,, власт на народот, од народот и само за дел од народот,,
- Клучен проблем е: наместо интелектуалните способности и стручноста, императив за вработување и напредување во кариерата е партиската книшка на оние кои се на власт

# КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

- Секој кој мисли дека е дискриминиран, може до Комисијата да достави претставка, со пропратни докази (ако има), писмено или усмено на записник, без обврска за плаќање на такса и друг надомест
- во рок од 3 месеци од денот кога била сторена повредата или најдоцна една година од дознавањето за актот на дискриминација.
- Комисијата ќе даде мислење и ќе препорача како може да се надмине прекршокот најдоцна во рок од 3 месеци по добивањето на жалбата.
- Доколку лицето обвинето за дискриминација, не дејствува во согласност со препораката, комисијата може да покрене судска постапка.

# НЕ
# ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА




ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

**Билјана Ч**кламовска